ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "МаршалТито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
veb: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр.05/2002), а во врска со член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија (Сл. Весник бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Градоначалникот на општинаЧешиново-Облешево распишува.

ЈАВЕН КОНКУРС за избор на Директор на ЈПКД – Облешево

Се распишува Јавен Конкурс за избор на Директор на Јавно претпријатие за комунални дејности – "Облешево"- с.Облешево. За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

• е државјанин на Република Македонија

• има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
• во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

• има минимум 5 (пет) години работно искуство.

• поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) – најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English:First) – положен, БУЛАТС (BULATS) С1 – најмалку 60 бода или АПТИС(APTIS)-најмалку ниво Б2(B2).

Со пријавата кандидатите треба да приложат:

- Уверение за државјанство;
- Заверен препис на диплома за завршена стручна подготовка;
- Потврда за работно искуство;
- Кратка биографија-CV;
- сертификат за познавање јазик
- дејност или должност;
- Програма за работа и развој на претпријатието.
- Работното време е од 07:00 – 15:00 часот, од понеделник до петок, 40 работни часа во неделата, а паричниот износ на нето платата изнесува 50.940,00 денари.

Секој заинтересиран кандидат потребно е да достави Пријава и документи во оригинал или заверени на нотар, како доказ за исполнување на горенаведените услови.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена, сметајќи го денот на објавувањето во дневниот весник.

Пристигнатите документи по Јавниот Конкурс ќе ги прегледува три члена Комисија избрана од Градоначалникот и во рок од 8 (осум) дена по истекот на Конкурсот целокупната документација ја доставува до Градоначалникот на Општината, кој во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на доставувањето на документацијата донесува Одлука за избор на Директор на јавното претпријатие.

Известување за извршениот избор до кандидатите ќе се достави во рок од 05 (пет) дена од денот на донесување на Одлуката за избор.

Со избраното лице ќе биде склучен договор со кој ќе се бидат регулирани правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите што не ги содржат бараните документи ќе се сметаат како неблаговремени односно некомплетни и истите нема да се разгледуваат.

Пријавите со потребната документација, кандидатите треба да ги достават до архива на општина Чешиново-Облешево или по пошта на адреса: Општина Чешиново-Облешево, ул.МАРШАЛ ТИТО БР.17 ОБЛЕШЕВО, со назнака за конкурс за избор на директор на ЈПКД "Облешево"-Облешево.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов